ГЛАСНИК 58 1-2 2014 7-16 ISSN 0583-4961

СТАТИИ

УДК 94:726.54(497.771)"12/15"
75.052.033(497.771)"12/15"

# НОВИ ПРИЛОЗИ ЗА ИСТОРИЈАТА И ЖИВОПИСОТ НА ЦРКВАТА БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА (СВ. КЛИМЕНТ) ВО ОХРИД

*Цветан Грозданов*

Член на Македонската академија на науките и уметностите – Скопје

Abstract

1. Identification and Chronology of the Wall Paintings at the Northern Entrance

Considering that the frescoes at the Ohrid church Peribleptos (St. Clement) have not been studied sufficiently, the author of these contributions presents his views on the errors of the dating and identification of the individuals in the northern, western and southern parts of the church entrance. He indicates that the painting in the northern wing of the facade of the Chapel of St. Gregory the Theologian was not that of the Sebastokrator Volkašin; then, that there was never an archbishop in Deabolis and that Gregory of Deabolis should never be referred to as "Archbishop of Ohrid". He highlights the fact that the inscription above the northern entrance actually refers to the Prooimion of the "Chosen Duchess", pictorially transposed into the composition of the Siege of Constantinople, as was the case of St. Peter in Prespa, painted around the same time as the frescoes at Peribleptos.

2. The Heavenly Court on the Western Wall of Peribleptos

In the western part of the entrance there is a large 16th-century depiction of the Last Judgment, but underneath there is still a layer of a 14th-century wall painting. Earlier researchers believed that the painting in this older layer is a depiction of the Last Judgment as well. However, on a large fragment at the southern end of the west entrance there is a figure from the older layer, which in our view depicts the Holy Warrior St. Theodore Stratelates. This very fragment, that is, the whole figure directed towards the center of the older layer, indicates that it portrayed the great scene of the Heavenly Court, depicted in the same place at the Zaum church as well. I pointed to this fact to Prof. Voja Đurić too. As soon as adequate conservation conditions are provided, we believe that the first layer underneath the current Last Judgment dating from the 16th century will be revealed.

3. Notes on the Wall Painting in the South Wing of the Church of the Holy Mother of God Peribleptos

The frescoes in the southern wing of Peribleptos have been damaged most severely by whitewashing, as well as by the weather conditions typical for this side of the church. There

are still no reliable data to whom the southern chapel next to the altar was dedicated since the space for the donor's inscription is empty. Inside the chapel there are no remains from the figure of St. Nicholas, to whom it is believed that the chapel was dedicated. The author of this contribution assumes that one of the figures dressed in a nobleman's vestments on the east end of the south wall facing in prayer towards the Holy Mother of God might have been Lord Nicholas, the eldest son of Sebastokrator Branko, i.e. the eldest brother of Grgur and Vuk. He is known to have been married to the sister of Volkašin and Uglješa, and to have become a monk (Radohna, Roman) after his wife's death, spending the rest of his life on Mount Athos as the Megaloschemos Gerasimos.

*Keywords*: St. Virgin Peribleptos, Nicholas, Grgur, Vuk, Last Judgment, Call of the righteous, Akathist

Откривањето на фреските од 1295 во Перивлепта, дела на зографите Михаил и Евтихиј по 1951 година, предизвика голем интерес кај проучувачите на средновековната култура во светот, особено кај историчарите на уметноста. Ликовната постапка и стилската анализа покажаа дека фреските на овој храм ја претставуваат еволуцијата помеѓу пластичниот стил на XIII век (Сопоќани) и класицистичкиот стил на Палеолозите од првите децении на XIV век. Таа појава, и покрај новооткриените ансамбли на живопис, сѐ уште претставува загатка поради особеноста на стилскиот приод на мајсторите којшто, ни пред ни по Перивлепта, така силно не е манифестиран. Независно од тоа што некои историчари на уметноста за фреските во Перивлепта зборуваат како за архаични, а за духот на сцените како патријархален, никој не ја оспорува величината на споменикот со речиси 10 авторски потписи на зографите Михаил и Евтихиј кога тоа се споредува со Старо Нагоричино и со Никита, како и со Богородица Левишка или со Кралева црква во Студеница. Истата релација се проучува и со Протатон во Света Гора, Св. Апостоли во Солун, вклучувајќи го храмот Хора во Цариград. Овој живопис во олтарот, наосот и нартексот и денес го одбележуваат ликовниот придонес на Перивлепта во светските токови на ликовната уметност.

Следната етапа во откривањето на живописот во Перивлепта се однесува на фреските во тремот, неговото северно, западно и јужно крило од XIV век со кои се покиени фасадните ѕидови. Овој трем е затворен дури во 19 век, така што денес се пројавува како затворена припрата.

Фреските од XIV век во тремовите на храмот се откриени дури по 1960–1961 при дефинитивната презентација на овој угледен охридски храм за гостите на Дванаесеттиот византолошки конгрес во Охрид. По тој повод тие се проучувани, а тогаш се објавени и првите извештаи за тематиката и стилот на ова ѕидно сликарство.[1]

[1] Библиографија на постарите пишувани трудови за живописот објавува Ц. Грозданов, *Студии за охридскиот живопис*, Скопје 1990, 84-99. Во овој прилог се соопштени и коментари за објавените прилози; В. Ђурић, *Византиске фреске у Југо-*

Во првите објавени прилози, особено во 1961, направени се низа пропусти кои и денес имаат влијание врз презентацијата во науката.

## 1. ИДЕНТИФИКАЦИЈА И ХРОНОЛОГИЈА ВО СЛИКАРСТВОТО ОД СЕВЕРНИОТ ДЕЛ НА ТРЕМОТ

Во северниот дел на Перивлепта, на фасадата од параклисот Св. Глигорие Богослов, како и на дел од фасадата на северниот трем, насликана е галерија на историски личности на кои ќе се осврнеме во следните редови. Тука се насликани од север кон југ следните историски личности: Вук, син на севастократорот Бранко, Гргур, син на севастократорот Бранко, цар Урош, над надвратникот од вратата на параклисот Св. Григориј Богослов, архиепископ Григориј II, веројатно епископ Григориј Деволски и на соседниот ѕид Јован, архимадрит на манастирот Св. Климент.[2] Во првиот извештај за нивното откривање се истакнува дека до царот Урош е насликан „севастократор Волкашин“. Од сигнатурата произлегува дека тука не е насликан Волкашин,[3] туку Бранковиот син Гргур. Потоа, епископот деволски Григориј се презентира како архиепскоп Григориј Деволски каков што, всушност, не постои. Датирањето на овие фрески произлегува од ктиторскиот натпис во параклисот на св. Григориј Богослов каде што е прецизно посочен датумот на неговото завршување во 1364–1365.[4] Сликањето на синовите на севастократорот Бранко е времето кога тие се сè уште во Охрид, каде што нивниот татко, севастократорот Бранко Младеновиќ, управувал со градот и тоа е фаза на нивното иселување на Косово. Во науката е добро е познато дека Волкашин во тоа време не владеел со св. Климентовиот град. Одамна е укажано дека првиот податок за Волкашин се наоѓа во пештерната црква Св. Богородица од 1369 година во Преспа на островот Мали Град, а подигната од кесарот

---

*славији*, Београд 1975, заб. 16, 186-187. Во поново време се објавени нови студии за стилот на Перивлепта и тоа претежно за живописот на Михајло и Евтихиј.

[2] Ц. Грозданов, „Прилози познавању средновековне уметности Охрида“, *Зборник за ликовне уметности 2*, Нови Сад 1966, 215-222. З. Расолкоска Николовска констатира дека по титулата архимандрит, забележана е титулата игумен („Архимадрит Јован, игумен на Климентовиот манастир во Охрид“, *Културно наследство XXVIII-XXIX*, 2002/3, 97). М. М. Машниќ, „Прилози за три малку познати споменици во кичевско-бродскиот крај од поствизантискиот период“, *Културно наследство 16*, Скопје 1989, печатено 1993, 95-102.

[3] Првиот пропуст што се однесува на присуството на портрет на Волкашин го следиме од 1961 год., сп. Д. Ќорнаков, „По конзерваторските работи во црквата Св. Богородица Перивлептос (Св. Климент) во Охрид“, *Културно наследство 2*, Скопје 1961, 91. В. Ѓуриќ, *Иконе из Југославије*, Београд 1961, 28, сл. бр. VIII.

[4] Й. Иванов, *Български старини из Македония*, София 1970, 39 (репринт). Значајна исправка во индиктот на овој натпис сторил Г. Острогорски, *Серска област после Душанове смрти*, Београд 1965, 85, заб. 16.

Новак.[5] Во ктиторскиот натпис се споменуваат владеењето на кралот Волкашин и јурисдикцијата на Охрид и на охридскиот архиепископ, т.е. архиепископот на Прва Јустинијана.

Очигледно е дека предизвикувал интерес и грчкиот натпис над вратата од тремот во нартексот на храмот којшто бил порано непознат поради дрвениот покрив. Тој натпис е инкорпориран во илустрацијата на Акатистот на Богородица и е познат под називот „На избраната Војвотка". Врз основа на овој текст, познат како проимион, подоцна е вообличена сцената Опсадата на Цариград што е насликана на островот Голем Град во Преспа во рамките на илустрираниот Акатист и речиси во исто време како и примерот со натписот во Охрид.[6] Охридските мајстори немале простор на ѕидот да ја вклопат оваа тема, па ги испишале уводните редови од стиховите на Акатистот. Познато е дека близок на охридскиот примерок е илустрираниот Акатист од Хиландар, изведен од Ѓорѓе Митрофановиќ. Во други примери Богородица се слика како оранта заедно со стиховите „На избраната Војвотка", додека во романските земји, во времето на Петру Рареш, повеќекратно се илустрира композицијата. Веќе е искажано мислењето дека молитвата за спас на Цариград од непријателите во Охрид е актуелна во времето кога спроти Маричката битка се пројавуваат молитвите до Богородица да го спаси градот. Впрочем, и самиот постанок на проимионот се смета како молитва за спас на Цариград за што авторот на овие редови веќе пишувал.[7]

## 2. НЕБЕСКИОТ ДВОР НА ЗАПАДНИОТ ЅИД ОД ПЕРИВЛЕПТА

На западниот ѕид од Перивлепта насликани се два слоја фрески, еден по друг. На целата површина од овој ѕид сè уште добро е зачувана претставата на Страшниот суд од 1595.[8] Тоа е и последна етапа во украсувањето на храмот, веќе во време кога тој служел како охридска катедрала (по трансформацијата на црквата Св. Климент во џамија).[9] Во завршните работи на конзервацијата во Перивлепта стана јасно дека под Страшниот суд се протега првиот слој од фрескоживописот којшто припаѓа на времето од 1365 година.

---

[5] Й. Иванов, *Български старини...*, 59.

[6] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно сликарство во XIV век*, Белград – Охрид 1980, 131; Истиот. „Илустрација химни Богородичиног Акатиста у цркви Богородице Перивлепте у Охриду", *Зборник Светозара Радојчића*, Београд 1969, 39-54.

Акатистот во Преспа детаљно го обработува Б. Кнежевиќ, „Црква Св. Петра у Преспи", *Зборник за ликовне уметности 2*, Нови Сад 1966, 248-262.

[7] Прашањето на авторството на Акатистот и поводот на неговиот постанок го образложува Ц. Грозданов, „Илустрација химни...", 48-52.

[8] Ц. Грозданов, „Страшниот суд во црквата Св. Климент (Богородица Перивлептос) во Охрид во светлината на тематските инвоации на XIV век", *Културно наследство XXII-XXIII*, 1995/6, 47-68.

[9] И. Снегаров, *Историја на Охридската архиепископија, Том. II*, София 1995 (репринт), 423-6.

Во северниот крај на ѕидот, по испаѓањето на фрагменти од вториот слој, откриена е фигура на свет воин во велмошка облека. Во исто време, неколку сонди изведени на површината од Страшниот суд покажаа дека на целиот простор се протега композицијата на Небескиот двор, која ја нареков „Повик до избраните“. Фигурата на светиот воин којшто се упатува кон средиштето на овој простор, ги има сите типолошки и физиономски особености на св. Теодор Стратилат. Тој носи велмошка капа и држи жезол со топчест врв. Пред него бил најверојатно св. Теодор Тирон или некој од светите воини (св. Ѓорѓија, св. Димитрија), но секако симетричен пандан од другата страна претставуваат некои од светите воини, исто во велмошка облека со жезла во рацете. Средишниот дел бил покриен со фигурите на Христос цар и Богородица царица, како и на св. Јован Претеча, а блиску до нив бил и старозаветниот цар Давид. Иконографијата на сцената ја споредуваме со сродна сцена од западната фасадна страна на Св. Богородица Заумска, како и со други сродни композиции во живописот на Македонија, Србија, Света Гора и на Русија. Во прво време претставите на Богородица царица се именуваа како што е случај со Минхенскиот псалтир, илустриран според псалмот 44,[10] но подоцна се констатира дека почесто се јавува покрај неа исишан текст од псалмот 93, 1: „Господ се зацари; се облече во величенственост. Господ се препаша со сила. Тој вселената ја зацврсти и нема да се разниша“ (Свето писмо, Скопје 2007, ед. МПЦ). Оваа појава првпат ја забележав во протезисот на црквата Св. Никола во селото Вранешница кај Кичево,[11] а потоа и во други споменици во регионот на Охрид и во диецезата на Охридската архиепископија. Сите досегашни проучувања укажуваат дека оваа тематска проjава е сврзана за Охридската диецеза од Костур до централна Србија и до Света Гора. Спецификата на сродната тема во Заум е во тоа што на целиот западен ѕид под Христос цар се сликаат разни светителски редови – апостоли, маченици, монаси – прашање што го проучуваше Г. Мије во студијата Ватиканска Далматика.[12] Може само да се претпоставува дека со симнувањето на Страшниот суд, кога за тоа ќе постојат конзерваторски можности, ќе бидат откриени нови историски и ликовни податоци за зографирањето на Перивлепта во 14 век. Помислата дека старата композиција на Страшниот суд во јужното крило на Перивлепта, подоцна покриено со вар, е во тематска врска со небескиот двор, нема научна основа. Постоењето на други примери со Христос цар и Богородица царица во руската уметност во средината на 14 век В. Н. Лазарев го поврзуваше со јужнословенски влијанија и врски и тоа прашање засега останува отворено. Познато е дека на чело на Охридската архиепи-

[10] Ц. Грозданов, „Христос цар, Богородица царица, небесните сили и светите воини во живописот од XIV и XV век во Трескавец“, *Студии за охридскиот живопис*, Скопје 1990, 132-146, детаљно го разгледува прашањето на текстуалната основа во формирањето на оваа композиција.

[11] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно...*, 103-109.

[12] G. Millet, *La Dalmatique du Vaican*, Paris 1945, 87-88.

скопија во средината на 14 век бил архиерей Григориј II,[13] личност со широка култура и со постојани контакти со екуменскиот патријарх во Цариград. Впрочем, се знае и дека тој правел напори за поврзување на црквата во Цариград и во Србија во времето кога сè уште бил во сила спорот за Душановата узурпација на царската титула. Тој бил канет и на собирите во Цариград, во патријаршијата, и претпоставувам дека имал битно влијание врз тематската концепција на уметноста во Македонија. Надвор од нашиов прилог, само ќе го споменеме прашањето за улогата на охридскиот архиепископ во Серската област и врз правните односи со Света Гора.

## 3. БЕЛЕШКИ ЗА ЖИВОПИСОТ ВО ЈУЖНОТО КРИЛО НА ТРЕМОТ НА БОГОРОДИЦА ПЕРИВЛЕПТА

Големите оштетувања на фреските во јужниот дел на тремот на Перивлепта поставија прашања кои и по чистењето на живописот останаа отворени. Во голем дел уништените фрески беа покриени со вар, чие отстранување покажа само дека деловите од живописот биле уништени во поранешниот период. Тоа треба да се разбере со оглед на фактот што некогаш отворената јужна страна на тремот била изложена на дождови од езерската страна на објектот. Во нашата сегашна ревизија на фреските во јужниот параклис, како и порано, при проучувањето на храмот, не забележав траги од делумно или целосно зачувани остатоци од св. Никола[14] кому се смета дека му бил посветен овој дел од црквата. Порано веќе укажав над западната врата од параклисот е оставен празен простор за испишување на ктиторски натпис, но просторот и денес е празен, што индицира дека постоело колебање околу посветата или околу ктиторот на параклисот. За една друга претпоставка, дека овој јужен параклис е посветен на св. Климент, не добив никаква потврда. Сепак, факт е дека над влезот во параклисот е насликана големата композиција Успението на св. Никола со добро зачувана сигнатура на грчки јазик. Во долниот дел од Успението и во завршниот дел на јужниот ѕид, насликана е една лаичка личност со доста оштетена облека, која ѝ се обраќа на Богородица за застапништво пред Христос. На овој тесен простор покрај влезната врата во параклисот, насликани се двајца архиереи со молитва кон Христа.[15]

Останува едно отворено прашање: Зошто во досега откриениот живопис не е никаде насликан постариот брат на Гргур и Вук, Никола? Во оваа етапа

---

[13] И. Снегаров, *Историја на Охридската архиепископија, Том I,* София 1995 (репринт), 283-4.

[14] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно...*, 143; Во текстот на Р. и М. Љубинковиќ, „Средновековно сликарство во Охрид", *Зборник на трудови*, Охрид 1961, се провлекуваат повеќе пропусти како, на пр., дека тие помислуваат оти во Перивлепта е насликан Бранко Младеновиќ, потоа дека Страшниот суд од јужното крило на Перивлепта се продолжува на западниот фасаден ѕид (136). Тие помислуваат и дека јужниот параклис му бил посветен на св. Климент за што нема никакви показатели (140).

[15] Ц. Грозданов, *Охридско ѕидно...,* 137, сл. бр. 35.

на истражувањата може само да се претпостави дека е можна идентификација со најстариот син на севастократорот Бранко, Никола, којшто 1364/65 не бил веќе во Охрид. Примарните извори потврдуваат дека Никола (Радохна, во монаштво Роман, Герасим) бил оженет за сестра на Волкашин и Јован Углеша, дека тие во бракот имале две ќерки, но дека сите тие починале и биле погребани во манастирот Св. Јован Претеча на Меникејска Гора близу Сер.[16] Тоа се случило набргу пред зографирањето на овој дел од Перивлепта, а потоа тој му се посветил на монашкиот живот и крајот од својата активност го доживеал во Света Гора каде што, како великоскимних, го откупил манастирот Св. Павле. Овие податоци укажуваат и зошто немало судири меѓу синовите на севастократорот Бранко и на Волкашин и Углеша. Ако оваа претпоставка е точна, тоа би значело дека живописот во северниот дел од тремот бил постар од оној во параклисот и дека е изведен пред заминувањето на синовите на севастократорот Бранко во нивната баштина во Дреница на Косово за кое се мисли дека се случило на самиот крај на 1364 или во првите месеци на 1365.

Претходното излагање за фреските во тремот на Перивлепта непосредно пред инвазијата на Османлиското Царство укажуваат на фактот дека комплетното заокружување на пишување на монографски труд за Перивлепта ќе очекува уште нови проникнувања во проучувањето на живописот од XIV век, особено и заради фактот што храмот на Перивлепта, по Светиклиментовиот манастир на Плаошник, имал челно место во животот и историјата на Охридската архиепископија и на градот Охрид.

[16] Најмногу напори во изучувањето на личноста на најстариот син на севастократорот Бранко донесуваат акад. Г. Суботиќ и Д. Кисас, „Надгробни натпис сестре деспота Јована Угљеше на Меникејској Гори“, *Зборник радова византолошког института XVI*, Београд 1975, 161-180. Авторите ја цитираат целокупната литература објавена во XIX и XX век за предметот што го проучуваат, која осветлува низа случувања и појави во втората половина на XIV век меѓу Македонија и Света Гора.



Сл. 1. Ктиторска композиција на црковни високодостојници и на цивилната власт во Охрид, северно крило на тремот 1364/5.



Сл. 2. Калк од натписот на проимионот „На избраната војвотка“ во склоп на циклусот Акатист на Богородица“, северно крило на тремот.



С. 3. Св. Теодор Стратилат, откриен фрагмент под Страшниот суд 1364/5.





С. 4а и 4б. Претпоставен портрет на Никола, најстар син на севастократор Бранко, јужно крило од тремот.